# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 6/2024 20.06.2024 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 39 та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 20.06.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за прифаќање на финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2024 година бр. 26-40/3,
2. Одлука за давање согласност за формирање на паралелеки со помал број на ученици во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2024/2025 бр. 26-40/4,
3. Одлука за давање согласност за формирање на паралелеки со помал број на ученици во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2024/2025 бр. 26-40/5,
4. Одлука за склучување на спогодба за основање на Локален економско социјален совет бр. 26-40/6,
5. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-40/7,
6. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на согласност и паво на користење на недвижен имот за целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-40/8,
7. Одлука за дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-40/9,
8. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Крива Паланка бр. 26-40/10.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-470/12
20.06.2024 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 2.06.2024 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2024 година бр.05-283/1 од 16.04.2024 година, го донесе следниот:

ОДЛУКА

**За давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев’ Пробиштип за период од 01.01 до 31.04.2024 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2024 година бр.05-283/1 од 16.04.2024 година.

Член 2

Составен дел на Одлуката е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2024 година бр.05-283/1 од 16.04.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-470/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 6 од од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2024 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип бр. 26-468/1 од 13.06.2024 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година**

Член 1

*СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ* на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2024/2025 година и тоа во:

ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 15 |
| 1б | 15 |
| 2а | 16 |
| 2б | 15 |
| 3а | 19 |
| 3б | 18 |
| 4а | 18 |
| 4б | 16 |
| 5а | 16 |
| 5б | 19 |
| 6а | 17 |
| 6б | 17 |
| 6в | 18 |
| 7а | 17 |
| 7б | 17 |
| 7в | 16 |
| 8а | 18 |
| 8б | 19 |
| 8в | 18 |
| 9а | 18 |
| 9б | 17 |
| 9в | 15 |

ПУ Злетово

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $1^1$ | 11 |
| $2^1$ | 3 |
| $3^1$ | 18 |
| $5^1$ | 15 |
| $7^1$ | 14 |
| $8^1$ | 19 |
| $9^1$ | 11 |
| $9^2$ | 12 |

ПУ нас.Пробиштип

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| Прво | 14 |
| Второ | 6 |
| Трето | 17 |

| | |
|---|---|
| четврто | 18 |
| петто | 9 |

ПУ с.Ратавица

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 8 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение со 5 ученици.

Член 2

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-470/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 6 од од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2024 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 08-228/1 од 13.06.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

*СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ* на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2024/2025 година и тоа во:

ООУ Никола Карев -Пробиштип :

| Паралелка | I А | I Б | II Б | III А | III В | IV А | V А | V Б | VI А | VI Б | VII А | VII Б | VII В | VIII А | VIII Б | VIII В | IX А | IX Б | IX В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 13 | 12 | 20 | 14 | 10 | 19 | 18 | 19 | 18 | 17 | 16 | 17 | 16 | 14 | 15 | 14 | 16 | 18 | 15 |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-470/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 13 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 20.06.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСК0-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

### Член 1

Заради следење, проучување и оценување на влијанието на економската и социјалната политика како и мерките на економската и социјалната политика на стабилност и развој на општината, Општина Пробиштип ќе склучи спогодба со Деловна заеднивца/работодавачи и Претставник на синдикат за основање на Локален економско-социјален совет.

### Член 2

Во Локалниот економско-социјален совет Општина Пробиштип ќе партиципира со двајца членови на Советот на општината и еден претставник од општинската администрација.

Локалниот економско-социјален совет ќе биде консултативно и советодавно тело на Советот на Општина Пробиштип.

### Член 3

Спогодбата од член 1 на оваа одлука ќе ја склучи градоначалникот на Општина Пробиштип.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип,,.

Број 26-470/6
20.06.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2024 година, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за контрола на популација на бездомни животни на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за контрола на популација на бездомни животни на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за контрола на популација на бездомни животни на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-470/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 1, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип(„Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 20.06.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград"

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за давање на согласност и паво на користење на недвижен имот за целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-427/9 од 30.05.2024 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.5/2024, и тоа:

Во членот 2 после зборовите ,, КП 1/1 КО Кундино евидентиран во имотен лист број 59,, се додава ,, и КП бр.1/1 КО Кундино евидентиран во ИЛ 112 ,,

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-470/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип(„Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на Седницата одржана на 20.06.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград"**

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-427/8 од 30.05.2024 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.5/2024, и тоа:

Во членот 2 после зборовите ,, КП 1/1 КО Кундино евидентиран во имотен лист број 59,, се додава ,, и КП бр.1/1 КО Кундино евидентиран во ИЛ 112 ,,

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-470/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09) и член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Крива Паланка**

Член 1

Советот на Општина Пробиштип го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Крива Паланка поднесен од Градоначалникот на Општина Пробиштип бр.08-483/1 од 19.06.2024 година за вршење на работи од надлежност на градежната инспекција од страна на овластен градежен инспектор вработен во Општина Крива Паланка за потребите и за сметка на Општина Пробиштип.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и проценета од потребата за воспоставување на Меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Пробиштип се доставува до Општина Крива Паланка на прифаќање и усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип“

Број 26-470/10
20.06.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ,
Борче Миланов с.р.